# РАБОТЕН СОСТАНОК ЗА ИЗРАБОТКА НА ОПШТА КРИМИНОГЕНА ПРОГРАМА, РАЗВИВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК И БРЗА АЛАТКА ЗА СКРИНИНГ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

Во периодот од 03-06 октомври 2014 година, во Хотел Арка-Скопје, се одржаа работни сесии за изработка на Општа Криминогена Програма со модули за третман на осудени лица, адаптација на Инструментот за процена на ризик и изработка на кратка алатка за брз скрининг на осудени лица.

За успешно реализирање на овие активности кои се дел од ИПА Проектот 2009 насловен како "Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица", формирани се експертски тим составен од консултанти ангажирани од Советот на Европа, и две работни групи во кои членови се вработени од затворскиот систем во Република Македонија, кои започнаа да работат на овие активности кои се во насока на подобрување на третманот на осудените лица во казнено-поправните установи во Република Македонија.

Работните групи со помош на меѓународните и националните консултанти ја утврдија содржината на програмата, бројот на сесии, временскиот распоред и начинот на спроведување на сесиите, а техниките кои ќе се спроведуваат имаат когнитивно-бихејвиорален пристап.

Општата криминогена програма ги третира динамичките фактори што влијаат врз рецидивизмот и 8-те криминогени потреби на личноста. Со вклучување на осудените лица во програмата и после успешно завршена програма се очекува намалување на динамичките фактори кои што влијаат врз рецидивизмот кај осудените лица. Пред да се започне со спроведување на програмата во затворскиот систем, ќе се изврши нејзина евалуација во одредена пилот казнено-поправна установа и ќе претходат специјализирани обуки на персоналот кој ќе биде вклучен во нејзина реализација.